Драги ЃОРГИЕВ

# ДЕМОГРАФСКАТА И СОЦИО-ЕКОНОМСКАТА СТРУКТУРА НА БИТОЛА ВО СРЕДИНАТА НА XIX ВЕК

Во 1844/45 година во Османлиската Империја е спроведен попис на населението со цел да се добијат податоци за неговата имотна состојба. Пописот е правен по кази со околните села и во него се содржани информации за: видот на имотот, за професијата и за приходите што секој жител ги добивал од тој имот и професија, како и за даноците што ги плаќал на државата. Од овој попис произлегле бројни дефтери кои се познати под името Temettüat defteri, односно Дефтери за приходите (ар. temettü: добивка, приход; дивиденда) кои се чуваат во Османлискиот архив во Истанбул, во фондот Maliye Varidat Temettüat defteri (ML VRD TMT). Овие дефтери покрај тоа што нудат податоци за екномско-социјалната структура на населението и за даночните оптоварувања, тие исто така нудат и одлични информации за демографската состојба на попишаните места. Речиси за сите македонски градови со нивната околина постојат такви пописи.

Дефтерот за казата Битола е заведен под број 11444 во споменатиот фонд и има 594 листови. Во него се регистрирани сите градски жители поделени според верската припадност. Најпрвин се регистрирани муслиманите (4-270 л.), потоа следуваат христијаните (271-528), па Ромите, поделени на муслимани и христијани (529-547) и на крајот се попишани Евреите (548-593). Според овој дефтер Битола во 1844/45 г. имала 36 маала во кои живееле вкупно 4.660 семејства. Доколку како просек за бројот на членовите на едно семејство се земе бројот пет, може да се заклучи дека во Битола во наведената година живееле вкупно 23.330 жители. Се разбира, оваа бројка не може да биде сметана за апсолутно точна и таа не кореспондира со некои други податоци за бројот на населението во Битола, добиени од патеписците или од дипломатските претставници во овој град[1]. Меѓутоа знаејќи ги вредностите

[1] Десетина години пред пописот, односно за 1836 г., за градот Битола се наведува бројка од 35.170 жители (Villes ottomanes a la fin de l'empire, sous la direction de Paul Dumont et Francois Georgeon, Paris, 1992, 83); додека пак десетина години по пописот, односно за 1856 г. таа бројка според францускиот конзул во Битола, Белег де Буга, изнесува 46.000 жители (Извештај за Битолскиот пашалак на францускиот вицеконзул во Битола Белег де Буга од 1856 година, редакција и превод Сузана Стамболиска, Скопје 2005, 44). Иако оваа бројка може да се смета за претерана, сепак несомнено е дека една деценија по пописот од 1844/45 г. дошло до зголемување на бројот на населе-

и веродостојноста на османлиските пописни книги, сметаме дека таа најреално го одразува вистинскиот број на битолската популација во тоа време во однос на сите други извори и дека дава најреална слика за верската структура на градското население во наведениот период.

Од наведените 4.660 семејства најбројни биле христијанските чиј број изнесувал 2.087, потоа следувале муслиманските - 2004; Евреите - 370; Ромите-христијани - 119 и Ромите-муслимани - 86 семејства. Доколку овие бројки повторно ги помножиме со коефициентот пет, бројот на жителите на наведените заедници би изгледал вака:

- христијани: 10.435 лица или околу 44,8%
- муслимани: 10.020 лица или околу 43%
- Евреи: 1.850 лица или околу 7,9%
- Роми (христијани и муслимани): 1.025 лица или околу 4%.

Христијанското население живеело во 10 маала чии називи биле: Црква; Мечкар; Ручка; Арнаут; Поп Христо Драгор; Дорт Ѓоз (Четири очи); Баир; Екши Хазар; Ново Маало и Кара Табак. Од нив најголемо било маалото Мечкар кое броело 342 семејства. Муслиманите живееле во 16 маала: Ејне-бег; Емир Челеби-бег; Синан-бег; Хамза-бег; Јакуб-бег; Бали војвода; Касим Челеби; Фируз-бег; Занданџи (Темничар); Азаб-бег; Кара Оглан; Кара Табак; Огул-паша; Хусеин Субаша, Димишки-бег и Али Чауш. Најголемо од нив било маалото Емир Челеби-бег со 407 семејства. Евреите биле поделени во седум маала: Нов Двор; Двор Драгор; Паша Авлија (Пашин двор); Голем двор; Нова синагога; Стара синагога и Али Чауш. Од нив најголемо било маалото Голем Двор населено со 85 семејства. Ромите живееле во три маала: Калбурџи (Решетар); Касапхане (Кланица) и Баир кое било и најбројно со 99 семејства. Како што се гледа од имињата на маалата во Битола немало поголемо мешање меѓу жителите во однос на местото на живеење. Муслиманите и христијаните се мешале само во маалото Кара Табак, а Евреите и муслиманите во маалото Али Чауш. Исто така и Ромите и христијаните имале едно заедничко маало-маалото Баир, меѓутоа сите Роми кои живееле во споменатото маало биле христијани.

Како што напомнавме, овој извор, исто така, дава извонредна слика и за професионалната структура на населението. Покрај името на секое попишано лице запишан е занаетот со кој се занимавало, еснафот кон кој припаѓало и неговиот статус: мајстор, калфа или чирак. Регистрирани се преку 100 најразлични занаети што ги извршувале христијаните, муслиманите, Евреите и Ромите: терзии, папуџии, ѕидари, платнари, бербери, копчари, ќебеџии, тутунари, фурнаџии, овоштари, овчари, бојаџии, рибари, меанџии, бакали, железари, лекари, калајџии, самарџии, старинари, касапи, ткајачи, кујунџии, воденичари, ќуркчии, лебелебеџии, калдармаџии, чешлари, галантеристи, шапкари, часовничари, млекари, попови, имами, муезини, јажари, симитчии, свирачи, пожарникари, ситничари, пушкари, кондураџии,

---

нието, посебно по 1847 г. кога било отворено военото училиште и изградени нови касарни во Битола, кои покрај војската, донеле и бројни занаетчии поврзани со потребите на војската.

ножари, керамидари, казанџии, кантарџии, арабаџии, јогуртчии, сапунџии, амали, рогозинари, градинари, столари, билкари, влачари, абаџии, алваџии, анџии, гајтанџии, чојари, бурмутчии, чешмари, грнчари, камшикари, ѓубреџии, стаклари, басмаџии, готвачи, лебари, памукчии, свилари, крпари, аргати, измеќари, коџабашии, срмаџии, шеќерџии, смолари, калуѓери, тенекеџии, земјоделци, решетари, кожари, јорганџии, дајреџии, учители, коритари, брашнари, изработувачи на дрвени обрачи, катранџии, шербетчии, сарафи, трговци, писари, пекмезџии, мутевелии, налбати, сарачи, телали, сабјари, коњари, кафеџии, кехаи, чибукчии, амамџии, керестеџии, ќираџии, ќумурџии, гробари, кончари, оџи, пасбанџии, изработувачи на миск (мошус), масери, мутафџии, бекчии, бурекџии, ќебапчии, ледари.

Кај христијаните најзастапен занает бил терзискиот занает, потоа следат: ѕидарите, бојаџиите, крзнарите, бакалите итн. Особено голем бил бројот на измеќарите и аргатите. Кај муслиманите, исто така, многу е голем бројот на измеќарите и на земјоделците. Меѓутоа под земјоделци овде треба да се подразберат и луѓето кои поседувале чифлици. Со оглед на тоа што во тоа време Битола е веќе важен воен центар на балканските поседи на Османлиската Империја, меѓу муслиманите се регистрирани и 24 воени лица, како и 132 лица кои поседувале тимари, иако тимарско-спахискиот систем во империјата бил укинат уште во 1831 г.[2] За Евреите особено се карактеристични старинарскиот, ситничарскиот и свиларскиот занает, но и меѓу нив се особено бројни измеќарите и амалите. Меѓу Ромите најраширени се железарскиот занает, амалството и изработката на решета.

Исто така, треба да се истакне, дека меѓу регистрираните има голем број лица чии имиња се проследени со синтагмата „неспособен за работа" и обично станува збор за болни или стари луѓе. Тие се присутни кај сите заедници попишани во дефтерот.

Како што се гледа од наброените занаети, покрај оние директно поврзани со производството, регистрирани се и неколку професии поврзани со верските и административно-управните функции и институции на градот како што се: имами, попови, писари, мутевелии, коџабашии, телали, секбани, учители и сл. Меѓутоа сепак во дефтерот не е регистрирано ниту едно лице кое извршувало функција директно поврзана со комунално-административната управа на градот[3], а и бројот на регистрираните воени лица е извонредно мал во однос на бројноста на војската во градот. Очигледно највисоките воено-административни службеници останале надвор од пописот, што не влијае врз вкупниот број на населението. Уште повеќе што дел од тие воено-административни службеници и не биле постојани жители на градот. Исто така, во дефтерот не се внесени и жителите-христијани кои за време на пописот поради печалба се наоѓале надвор од Битолската каза. За бројот на овие печалбари дознаваме од друг попис извршен во исто време.

[2] Страшимир Димитров, Към въпроса за отменяването на спахийската система в нашите земи, Исторически преглед, бр. 12, София, 1956.

[3] Овде можат да се издвојат пожарникарите кои биле христијани и кои се регистрирани во дефтерот.

Тоа е дефтерот за џизие на христијанската раја во Битолската каза од 1844 година, кој под број 436 се чува во Османлискиот архив, во фондот Maliye Nezareti Cizye. Во него се регистрирани христијанските жители на Битола кои биле обврзани со данокот џизие и кои во моментот на пописот заради трговија, односно печалба, се наоѓале надвор од градот. На тој начин кон горните демографско-економски податоци можеме да додадеме и информации за емиграцијата на битолското население низ целиот Балкан.

Бројот на овие лица кои за време на пописот се наоѓале во поголемите градови на Империјата и надвор од неа, изнесувал 612[4]. Најмногу од нив, дури 237, се наоѓале во Истанбул, потоа следувал Белград каде имало 99 лица, Романија - 45; Египет - 44; Пловдив - 34; Лариса - 12; Русчук - 11; Јанина - 12; Ниш - 9; Едрене - 7; Дамаск - 6; Ерусалим - 5 итн. Покрај овие градови христијани од Битола можело да се сретнат и во Измир (4 лица); Скадар (4 лица); Видин (3 лица); Багдад (1 лице); Бурса (1 лице); Коња (1 лице) итн. Важно е да се нагласи дека најголем број од овие лица биле занаетчии и трговци, но исто така и аргати и надничари, односно стопанско активно и работоспособно население. Најбројни меѓу занаетчиите кои емигрирале биле терзиите, вкупно 68, потоа следувале ѕидарите - 32; аргати - 31; бакалите - 20; папуџии - 15; ќебеџии - 13; надничари - 11; меанџии - 9; ќуркчии - 6 итн. За терзиите најпривлечна дестинација бил Истанбул, додека ѕидарите најчесто се упатувале кон Романија. Понекогаш на печалба се наоѓале цели семјства како што било семејството на Димко, син на Јован, кој како ајлакчија со своите пет сина се наоѓал во Истанбул. Исто така, меѓу занаетчиите имало лица со интересни професии каков што бил лекарот Турунџи Димитри кој 16 години се наоѓал во Истанбул, потоа Теохари, син на поп Димитри, кој бил учител во Едрене; двајца гајдаџии, еден во Истанбул, а другиот во Призрен итн.

Исто така и меѓу битолските Евреи се регистрирани 18 лица кои во времето на пописот биле отсутни во градот. Некои од нив се наоѓале во Лариса (3 лица), Солун (2 лица); Драма (2 лица); Ерусалим (1 лице); Белград (1 лице); Скопје (1 лице); Приштина (1 лице); Призрен (1 лице) итн. За нив не е регистриран занаетот со кој се занимавале.

Податоците што за Битола ги нудат двата пописни дефтера разгледувани овде, ја прикажуваат Битола како град кој во средината на XIX век веќе започнува да станува еден од најважните економски, а подоцна и политички центри на Османлиската империја на Балканот. До политичкиот крај на Османлиската Империја на Балканот, Битола ќе стане најважната балканска раскрсница во која ќе се рефлектираат политичките и економските интереси кон Империјата, не само на новосоздадените балкански држави, туку и на европските големи сили.

[4] Во овој број не е вклучен бројот на оние кои се наоѓале во поблиските македонски градови, така што вкупниот број на печалбарите од Битола е уште поголем. Како куриозитет овде би ја спомenале бројката од 657 христијански жители на Крушево (тогаш село во Битолската каза) кои според истиот дефтер во времето на пописот не се наоѓале во Крушево. Од нив 207 биле во Белград, 143 во Истанбул, 103 во Египет итн. Ова покажува дека економската емиграција во Битолската каза во средината на XIX век имала голем размер.